ГРАВЕ ОСИГУРУВАЊЕ НЕЖИВОТ АД СКОПЈЕ

Акционерско Друштво за осигурување
ГРАВЕ НЕЖИВОТ СКОПЈЕ
Бр. 0202 - 2/48
23-01 2020 год.
Скопје

# ДОПОЛНИТЕЛНИ УСЛОВИ
# ЗА ОСИГУРУВАЊЕ НА ЧЛЕНОВИ НА СПОРТСКИ ОРГАНИЗАЦИИ ОД ПОСЛЕДИЦИ НА НЕСРЕЌЕН СЛУЧАЈ

Овие Дополнителни Услови за осигурување ги донесе Управниот одбор на **ГРАВЕ ОСИГУРУВАЊЕ НЕЖИВОТ АД Скопје** на својата редовна седница одржана на 23.01.2020 г.

## ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Општите услови за осигурување на лица од последици на несреќен случај (незгода) и овие Дополнителни услови за осигурување членови на спортски рганизации од последици на несреќен случај (во натамошен текст:

Дополнителни услови), се составен дел на договорот за осигурување членови на спортски организации од последици на несреќен случај (незгода) што договарачот на осигурувањето ќе го склучи со ГРАВЕ ОСИГУРУВАЊЕ НЕЖИВОТ АД СКОПЈЕ (во натамошен текст: Осигурувач).

Договарач на осигурувањето може да биде правно или физичко лице.

Лицата што се осигуруваат според овие Дополнителни услови, осигурени се без оглед на нивната здравствена состојба, општа работна способност и годините на староста, како и без плаќање на зголемена премија во смисла на член 9, став (3), точка 3 од Општите услови, освен лицата потполно лишени од деловна способност кои во секој случај се исклучуваат од осигурувањето.

## ОБВРСКИ НА ОСИГУРУВАЧОТ

### Член 2

Осигурувачот е во обврска, ако несреќниот случај настане:

при спортска дејност на осигуреникот во онаа гранка на спортот, што изрично е наведена во полисата, како и во сите други гранки на спортот, кои според утврдениот распоред на спортовите во тарифата на премии спаѓаат во иста, или пониска (помалку опасна) класа на опасност од спортот што е наведен во полисата.

за време додека осигуреникот се наоѓа на директен (непрекинат) пат, надвор од седиштето на спортската организација чиј е член, и тоа од куќата до определеното вежбалиште или местото определено за натпреварување и при враќањето дома.

при вршење определени должности по налог на управата на спортското дфруштво, и тоа: учество на спортски состаноци, конференции, набавка на спортски реквизити и сл., како и за време додека се наоѓа на пат во врска со вршење на овие работи.

Ако несреќниот случај настане при спортска дејност на осигуреникот во онаа гранка на спортот, што изрично не е наведена во полисата, а која спаѓа според утврдениот распоред на спортовите во Тарифата на премии во потешка класа на опасност (повеќе опасна) од спортот што е наведен во полисата, осигурувачот е во обврска да ја исплати осигурената сума само во оној обем што му одговара на односот помеѓу платената премија и премијата што би требало да се плати за соодветната класа на опасност.

Осигурувачот не е во обврска ако несреќниот случај настане поради причините наведени во член 10 од Општите услови.

## ОСИГУРУВАЊЕ СО НАЗНАЧУВАЊЕ ИМИЊА НА ОСИГУРЕНИЦИТЕ

### Член 3

Ако е договорено колективно осигур-вање со назначување имиња на осигурениците, осигурени се само оние членови на определената спортска организација, кои во полисата или во списокот приложен кон полисата поименично се наведени. Договарачот е должен при склучувањето на договорот за осигурувањето на осигурувачот да му предаде поименичен список на членовите определени за осигурување.

Во случај на измена во составот на членовите во списокот, осигурувањето на новопријавените членови започнува во 24,00 часот во оној ден од кога важи направената писмена пријава, но најрано од 24,00 часот на оној ден кога осигурувачот ја примил пријавата. За одјавените членови, осигурувањето престанува во 24,00 часот во оној ден што е означен во одјавата како ден на престанок на осигурувањето.

Секоја промена во бројната состојба на осигурените членови во списокот се спроведува со издавање нова полиса.

## ОСИГУРУВАЊЕ БЕЗ НАЗНАЧУВАЊЕ ИМИЊА НА ОСИГУРЕНИЦИТЕ

**Член 4**

Ако е договорено колективно осигурување без назначување имиња на осигурениците, со

осигурување се опфатени сите лица кои во службените евиденции се водат како активни членови на спортска организација наведена во полисата.

Ако осигурувањето е договорено со постојана и непроменлива годишна премија, без клаузула за пресметување на премијата на крајот на годината на траењето на осигурувањето, кога ќе се случи несреќен случај, оигурената сума која е утврдена во полисата за секој одреден член, се менува во соодност со бројот на членовите назначени во полисата и вистинскиот број на лица кои се водат како активни членови на спортската организација, односно нејзиниот одреден клуб или секција според евиденцијата на денот на настанувањето на несреќниот случај.

Ако е договорено, на крајот на осигурителната година да се врши конечна премсетка на премијата според просечниот број на членови, осигурените суми кои се означени во полисата за секој одреден член не се менуваат.

За секој новодојден член осигурувањето започнува автоматски, без претходна пријава во 24,00 часот оној ден кога стапил во членство, а престанува за секој член во 24,00 часот оној ден кога престанало неговото членство во одредена спортска организација.

## НАЧИН И РОКОВИ НА ПРЕСМЕТУВАЊЕ И ПЛАЌАЊЕ НА ПРЕМИЈАТА

**Член 5**

За осигурувањата, склучени по член 4 став (1) од овие Дополнителни услови, премијата се плаќа однапред за целото времетраење на осигурувањето според бројот на осигурениците означен во списокот приложен кон полисата.

За осигурувањата, склучени по член 4 став (2) од овие Дополнителни услови, премијата се плаќа однапред за целото времетраење на осигурувањето според бројот на членовите наведени во полисата.

За осигурувањата, склучени по член 4 став (2) од овие Дополнителни услови, премијата се плаќа при склучувањето на договорот однапред за една година според постоечкиот број на активни членови според службената евиденција на договарачот на денот на склучувањето на договорот, со тоа што конечната пресметка на премијата да се изврши на крајот на годината од осигурувањето според просечната бројна состојба на членовите. Просечната

бројна состојба на членовите во текот на една година на траење на осигурувањето се утврдува на тој начин што ќе се собираат бројните состојби на членовите по службената евиденција на договорувачот на последниот ден на секој месец на осигуителната година за кој се врши пресметка на премијата па добиениот збир се дели со 12. Ако при тоа се утврди дека просечниот збир на членови е поголем од бројот на членовите наведен во полисата на денот на склучување на осигурувањето, договарачот на осигурувањето е во обврска да ја плати разликата на премијата во рок од 30 дена по завршената пресметка. Доколку тој број е помал, осигурувалчот е во обврска во истиот рок да ја врати платената премија.

Договарачот е должен на овластениот претставник на осигурувачот да му ги стави на увид евиденциите од кои може да се утврди вистинската бројна состојба на членовите односно на негово барање да се поднесе писмена потврда до надлежниот подсојуз за бројот на регистрираните членови на денот на настанувањето на несреќниоот случај.

Договарачот е должен договорената премија да му ја плати наосигурувачот за сите осигуреници без исклучок и за цело времетраење на осигурувањето во рокот назначен во полисата. Ако премијата се уплаќа во пошта, се смета дека е платена до 24,00 часот оној ден кога е уплатена во пошта, а ако е платена со вирман, се смета дека е платена до 24,00 часот оној ден кога вирманскиот налог е предаден во банка.

Обврската на осигурувачот спрема секој осигуреник поединечно постои и кога договарачот не ја платил премијата во рокот означен во полисата ако несреќниот случај настанал за времетраењето на осигурувањето во смисла на член 6 и 19 од Општите услови.

Ако договореното осигурување е на неодредено траење, а договарачот не ја плати премијата за наредната година ниту по истекот на 30 дена од рокот назначен во полисата, осигурувачот има право да му пресмета затезна камата за секој ден на задоцнување.

## ОБВРСКИ НА ОСИГУРУВАЧОТ КОГА ОСИГУРЕНИТЕ ЛИЦА СЕ ПОМЛАДИ ОД 14 ГОДИНИ И ПОСТАРИ ОД 70 ГОДИНИ

### Член 6

Ако поради несреќен случај настапи смрт на осигуреникот помлад од 14 години, осигурувачот е во обврска на име трошоци за погреб да ја исплати договорената сума во случај на смрт, но, најмногу до износот кој како максимален е утврден со Одлука на Упревниот одбор на ГРАВЕ ОСИГУРУВАЊЕ НЕЖИВОТ АД СКОПЈЕ.

Кога лицето кое претрпело несреќен случај е постаро од 70 години, осигурувачот е во обврска да исплати 50% од износот што инаку требало да го полати.

## ИСПЛАТА НА ДНЕВЕН НАДОМЕСТОК

### Член 7

Ако е договорено осигурување и во случај на преодна неспособност за работа, осигуреникот, кој поради несреќен случај не е способен за работа, добива дневен надоместок во договорената висина, и тоа почнувајќи од првиот ден за кој му следува, односно од денот на започнувањето лекување до последниот ден на траење на аботната неспособност, но најмноагу доа 200 дена. При тоа предвид се зема само времето за кое осигуреникот бил неспособен за обавување на работите од редовното занимање, а не и времето за кое бил нспособен за вршење на спортски дејности.

## ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 8**

Овие дополнителни услови важат заедно со Општите услови за осигурување на лица од последици на несреќен случај (незгода), а доколку се во спротивност со содржината на Општите услови, важат овие Дополнителни услови.

**Член 9**

Постапка по приговори

Во случај осигурителот и осигуреникот да не се согласат по однос на обемот и висината на штетата, осигуреникот има право на приговор во рок од осум дена од приемот на писменото известување од осигурителот до Второстепената комисија за решавање штети по приговор, што е должна во рок од 30 дена да одговори по приговорот.

Постапка по жалба

Договарачот, односно осигуреникот во однос на работењето на Друштвото има право на жалба до Агенцијата за супервизија во осигурување како надлежен орган за супервизија на друштвата за осигурување.

Решавање спорови

Евентуалните спорови што би произлегле од договорот за осигурување договорните страни ќе ги решаваат спогодбено, а доколку не дојде до спогодба, надлежен е стварно надлежниот суд според местото на склучување на договорот за осигурување.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА УПРАВЕН ОДБОР**

**Марко Микиќ**